## Вовед во плановите за органско управување

| | |
|---|---|
| Плановите за органско управување (ПОУ) се основни документи за процесот на сертификација. Операторот ја опишува својата дејност во детален формулар и во исто време со тоа врши само-контрола, при што ги открива несоодветностите и ги дефинира корективните акции, пред отпочнувањето на надворешната контрола. Пополнувањето на ПОУ има важен ефект на обука за операторот: тој/таа со тоа учат за односниот стандард, обврзани се да ги напишат информациите кои се однесуваат на неговата/нејзината дејност во систематска форма, што можеби ќе им помогне на операторите да ги идентификуваат недостатоците за кои предходно не биле свесни.<br><br>Заради оваа причина најдобро решение е операторот самиот да го пополни ПОУ. Во случај кога надворешни консултанти помагаат во пополнувањето на ПОУ, тогаш одговорниот на фармата, компанијата или организацијата треба да учествува во тој процес.<br><br>ПОУ треба да е пополнет со што е возможно повеќе детали. Операторот не треба да се обидува да покаже дека неговата дејност е идеална, туку треба да биде реален колку што е можно повеќе. Корективните активности треба да се многу конкретни и треба навистина да допринесат за решавање на откриените проблеми. Реална и разумна временска рамка за нивна имплементација мора да е одредена. Напредокот од ваквата имплементација е многу важен за самата сертификација. | |
| **Поврзани документи:** | • Планови за Управување за различни области |